**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Општина Македонски Брод**
**Ул.7ми септември бр.4 кон/тел 045 274 810 e-mail mak_brod@yahoo.com**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| Службен гласник | 17.05.2011година |
| Општина Македонски Брод | Македонски Брод |
| Излегува по потреба | Број 5 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

За прогласување на Одлуката за проширување и измена на средствата на распоредот во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година

Се прогласува Одлуката за проширување и измена на средствата на распоредот во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година,што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на 16.05.2011година.

Бр.08-537/5
17.05.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) ,а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 4/08), Советот на ЕЛС М БРОД на седницата одржана на 16.05.2011 год ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата во Буџетот на ОпШтина Македонски Брод за 2011 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средства во Буџетот на ОпШтина Македонски Брод за 2011 година и тоа на следниот начин :

| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** |
|---|---|---|---|---|---|
| 741120 Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 0 | 0 | 611.767 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **611.767** | **0** |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки :**

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **K10 БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | | |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 1.615 | 0 |
| **K20 МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 9.619 | 0 |
| **K30 МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 37.993 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 0 | 0 | 0 | 29.312 | 0 |
| 482920 Изградба на други објекти | 0 | 0 | 0 | 230.000 | 0 |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421240 Течни горива | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 68.182 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 0 | 35.046 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **611.767** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина М.Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

Бр.07-537/3
16.05.2011 год.

Претседател на Советот на општина
Македонски Брод
Анета Симеска Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година**

Се прогласува **Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонски Брод за 2011 година,** што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 16.05.2011 година.

Бр.08 - 537/ 5
17.05. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 ст 1 т 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр 5/02 год ) и член од статутот на ЕЛС М.Брод (Сл.гласник на општина М.Брод бр год),Советот на ЕЛС М.Брод на седница одржана на ден 16.05.2011 год. донесе:

# О Д Л У К А
## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина М.Брод за 2011

### Член 1

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 465110 | Главен долг по извршни исправи | 668.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 465120 | Камата по извршни исправи | 352.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 465130 | Трошоци по извршни исправи | 134.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J60** | **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАКАЈОТ** | | | | | |
| 424320 | Одржување на автопати, улици и патишта | -20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | -1.654.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425980 | Надзор над одржување на изградбата | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина М.Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

Бр.07-537/3
16.05.2011 год.

Претседател на Советот на општина
Македонски Брод
Анета Симеска Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 5/02 ) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре,ноќен бар и диско клуб**

Се прогласува **Одлуката за за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар и диско клуб** што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 16.05.2011 година.

Бр.08 - 537/ 5
17.05. 2011 год.

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр./2003)а во врска со член 21 од Законот за угостителска дејност (Сл.весник на РМ бр.62/2004,89/2008,115/10 и53/2011),Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 16.05. 2011 година,донесе

## О Д Л У К А

**За утврдување на висината на надомсток за добивање на лиценца за вршење угостителска дејност во кабаре,ноќен бар и диско клуб за територијата на општина Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за добивање на лиценца за:

- кабаре во денарска противвредност од 2.500 ЕВРА

- ноќен бар во денарска противвредност од 5.000 ЕВРА

-диско клуб и диско клуб на отворен простор во денарска противвредност од

7.000 ЕВРА

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука 50% се уплатува на сметка на општината , а 50% се уплатува во Буџет на РМ во денарска противредност според средниот курс на НБ на РМ на денот на уплатата.

**Член 3**

Лиценцата се издава во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на вршителот на угостителската дејност и важи за период од една година и истата ја издава Министерството за економија.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на Одлуката,престанува да се применува Одлуката бр.07-1240/4 од 27.11.2009 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07- 537/ 4 — Совет на општина Македонски Брод

16.05. 2011 година — П р е т с е д а т е л,

Македонски Брод — Анета Симеска-Димоска с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за прогласување на Одлуката за проширување и измена на средствата на распоредот во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2011 година ..................... стр.1

Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2011 година ............................................................................................................. стр.2

Заклучок за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2011 година ............................................. стр.3

Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2011 година.............................................................................................. стр.4

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар и диско клуб ........................................................................................................................ стр.5

Одлука за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар и диско клуб за територијата на Општина Македонски Брод ............................................................................................ стр.6